# План за локален економски развој на општина Гевгелија

2023-2026



ПОДГОТВЕН ОД ПРЕТСТАВНИЦИ ОД:

ЈАВЕН СЕКТОР/ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА
НВО
БИЗНИС СЕКТОР

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

1 ВОВЕД НА ПЛАНОТ

2 ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

3 ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

3.2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

3.3. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

3.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

3.5. ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

3.6. РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

3.7. ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, ИНКЛУЗИВНОСТ

3.8. НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

4 АНАЛИЗА НА СИЛНА СТРАНИ, СЛАБИ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ (SWOT)

5 ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

6 АКЦИСКИ ПЛАН

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| УСАИД | Американска агенција за меѓународен развој |
| ЛЕР – | Локлен економски развој |
| SWOT | S – strengths (предности), W – weaknesses (слабости), O – opportunities (можности) и T – threats (опасности) |
| ЕУ – | Европска унија |
| ЛАГ – | Локална акциска група |
| НВО – | Невладина организација |
| АВРСМ – | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| БДП – | Бруто домашен производ |
| МСП – | Мали и средни претпријатија |
| ИПАРД – | Програма за предпистапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| ИТ – | Информатички технологии |
| МБПР – | Македонска банка за поддршка на развојот |
| ЕБОР – | Европската банка за обнова и развој |
| АППТ – | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| ФИТР – | Фонд за иновации и технолошки развој |
| АФПЗРР – | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| IME | Швајцарска програма за зголемување на вработеноста |
| GIZ – | Германска меѓународна помош |
| МБПР – | Македонска банка за поддршка на развојот |
| ТИРЗ – | Технолошко индустриска развојна зона |
| КОСМЕ – | Програма за конкурентност на мали и средни претпријатија на ЕУ |
| ХОРИЗОНТ 2020 | Програма за истражување и иновации на Европската Унија |
| ФИТР – | Фонд за иновации и технолошки развој |
| Е-75 – | Европска ознака за автопат од Атина до Хелсинки |
| ЈПКД – | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| МЕКА – | Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија |
| ФЛОРИТ – | Фондација за локален одржлив развој и информатички технологии |
| КО – | Катастарска Општина |
| ЛЕАП – | Локален еколошки акциски план |
| ОИЕ – | Обновливи извори на енергија |
| ЛЕС – | Локален економски совет |

# ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Развојот на Гевгелија, како економски просперитетна општина, отсекогаш се заснивал на географските, климатските и сообраќајните погодности. Во 50-тите и 60-тите години на XIX век, Гевгелија го добила приматот на еден од поважните трговски центри, а веќе во 1886 година станува главен трговски центар во Гевгелиската каза.

Денес, за поуспешен развој на Општината неопходна е поголема и поефикасна искористеност на компаративните предности на поднебјето. Но, секако и насочување преку конкретни планови, проекти и активности, кон подобрување на условите за живот на граѓаните. Тоа подразбира, не само обезбедување на современа инфраструктура и оддржлива животна средина, туку и создавање на услови за нови инвестициски можности и институционална поддршка за поттикнување на економскиот развој. Вака зацртаната цел и нејзината примена во практика ќе ја доближи Општина Гевгелија до европските стандарди.

Имајќи предвид дека планирањето на локалниот економски развој, согласно Законот за локална самоуправа, е во надлежност на локалната самоуправа, изработката на План за локален економски развој претставува приоритетна обврска. Овој документ јасно ќе го дефинира развојниот пат на Општина Гевгелија, како економски просперитетна, урбанистички уредена општина, со поголема искористеност на обновливите извори на енергија, и секако - значајна туристичка дестинација. Но, и општина со унапредено земјоделско производство, чиста животна средина, како и подобрен квалитет на живот во урбаните и руралните средини.

Ваквата долгорочна обврска, со поддршка од Американската агенција за развој (USAID), преку проектот„Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите", ја реализираме во практика преку дефинирање на идниот локален економски развој на Општината, но и преку конкретизирање на идните проекти кои ќе овозможат позабрзан економски развој. Истовремено, ќе придонесат за подобрување на условите за живот на територијата на цела Општина, како и зголемување на квалитетот на услугите кон граѓаните. Местоположбата на Општина Гевгелија и подготвеноста на локалната самоуправа за поголема застапеност и примена на европските стандарди го трасира и нејзиниот развоен пат.

За остварување на ваквата цел, од посебно значење е утврдувањето на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика со поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво. Се разбира, со учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на ова партнерство. На тој план, во практика веќе се реализирани повеќе активности, воспоставена е добра соработка со бизнис-заедницата и зголемена комуникација со граѓаните.

Во периодот што следи, Општина Гевгелија, како впрочем и другите средини во земјата и пошироко, ќе биде соочена со бројни предизвици, пред се, предизвикани од енергетската и финансиската криза. Меѓутоа, решавањето на наметнатите проблеми и состојби, кои ќе бидат долгорочни, во никој случај не смеат да се одразат на предвидените активности за економски просперитет на Општината. Тоа секако значи дека нема да се откажеме од заложбите да го унапредиме локалниот економски развој со конкретни мерки и активности, бидејќи само на тој начин ќе создадеме иднина за сите граѓани на Општина Гевгелија, за нашите деца и за идните генерации.

АНДОН САРАМАНДОВ
ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Гевгелија е една од општините во која се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е и подршка за подготовка или ажурирање на нови/постоечки планови/стратегии за локален економски развој, за период од 4 години.

Овој документ е самостоен, и не претставува дел од некоја поширока стратегија на општината, ниту пак претставува дел од некој друг национален документ.Планот го идентификува локалниот економски развој како приоритетен и не опфаќа други области како здравство, култура,социјални работи итн.

Планот е развиен во партнерство на општинската администрација од Одделението за ЛЕР, со претставници од бизнис секторот, како и претставници од НВО секторот.

Во процесот на изработка на План за локален економски развој тимот направи анализа на локалната економија, SWOT анализа на локалната економија на општината, нејзината визија, стратешки цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности со финансиска конструкција за истите. која изнесува околу 71 милиони денари.

Општина Гевгелија во однос на силните страни се карактеризира со многу поволна географска местоположба за собраќајна поврзаност со соседните држави Грција и Бугарија, во однос на климата има поволна медитеранска и континентална клима со голем број сончеви денови, геотермални извори, плодна почва, добра сообраќајна поврзаност, кои се предуслов за развој на транзитен и казино туризам како и развој на земјоделско производство и лесна индустрија.

Во однос на слабите страни на локалната економија во општината има недостиг на урбанистички планови за населените места со потенцијал за развој на рурален туризам висока стапка на емиграција на квалификуван образовен кадар, немање доволно интерес на невработените поради ниските плати, незаинтересираност за вработување во приватниот сектор, непостоење на целосна атмосферска канализација во дел од индустриските зони, диви депонии, итн.

Како можности за развој на локалната економија во општина Гевгелија можат да се набројат: аплицирање на ЕУ структурни и фондови за прекугранична соработка, достапност на програмите на АВРМ за самовработување и микро кредитирање, постоење на национални развојни стратегии од областа на бизнис секторот, Стратегија за развој на руралната средина на Локалната акциска група Бојмија (ЛАГ), голем потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија (240 сончеви денови).

Заканите пак со кои се соочува локалната економија се надворешни фактори како што се: појава на нова емигрантска криза, политичка ,економскаи енергетска криза и геополитички случувања, постоење на сива, економија,законска регулатива со големи рестрикции (казни) за бизнис секторот,значителен одлив на населението, а со тоа и на квалификуван кадар,природни катастрофи поради климатски промени, поради претходни искуства со поплави и земјотреси и загадување на околината, немање стратегија за справување со сиромаштијата, не поволен постоечки Закон за игри на среќа бидејќи најголем дел по основ од давачки и даноции од казината на ериторијата на Гевгелија завршуваат во државна каса.

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
STRENGTHENING RESOURCE MOBILIZATION ACTIVITY
Проект за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите
Projekt për përforcimin e kapaciteteve për shfrytëzim të resurseve



Во рамките на секоја од стратешките цели, работната група подготви акциски план на активности. Акциониот план има за цел да го стави во функција Стратешкиот План и да му даде оперативност, со дефинирање на конкретни параметри и со детална анализа за секој од предложените проекти, како и креирање на временска и финансиска рамка за реализација на истиот.

Во рамките на **Стратешка цел 1** се предвидени неколку инфраструктурни проекти, како и таканаречени меки проекти се со цел поголем развој на стратешките економски гранки туризам, земјоделие и рурален развој.

**Стартешка цел 2** – се состои исто така од инфраструктурни проекти и проект со мека компонента, во насока на остварувањето на стратешката цел 2.

Исто така и **Стратешката цел 3** содржи проекти како што се Изработка на студии и стратешки документи за релизација на целта за одржлива животна средина управување со природни ресурси и искористување на обновливи извори на енергија.

Во рамките на **Стратешка цел 4** најголем дел од проектите се однесуваат на организирање на обуки и кампањи, се со цел за остварување на одржлив развој и институционална поддршка на МСП за поттикнување на економскиот развој и зголемување на вработувањето.

Во Акцискиот план кој е составен дел на Стратешкиот План на општина Гевгелија, вкупно се разработени 24 проекти, во вкупна вредност од 71.721.245 денари и со временски рок на реализација од 2023-2026 година.

# 1.ВОВЕД

На покана на претставници од УСАИД, во Декември 2021 година, претставници од ЛЕР Одделението учествуваа на информативната сесија на која беше претставен ‘’Прирачникот за развивање на предлог проекти’’ од нивна страна. Тоа беше иницијалната средба за започнување на проектот Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите под покровителство на УСАИД чијашто цел меѓудругото е да обезбеди поддршка на Општина Гевгелија да ги развие или ревидира своите планови/стратегии за ЛЕР и да ги развие или зајакне своите технички вештини за ефективно спроведување.

Општина Гевгелија имаше потреба од изработка на Стратегија (План) за локален економски развој, бидејќи стратегиите како оваа за развој на една општина, покрај нејзината визија како се гледа во иднина општината, претставуваат и многу важна основа за аплицирање на проекти, а УСАИД ја даде таа можност преку нивната програма , општината да биде вклучени во целокупниот процес.

Планот за локален економски развој на општина Гевгелија е изготвен со цел да одговори на конкретни економски предизвици или понатамошно да ја зајакне локалната економија преку јавно-приватен дијалог. Овој план е целосно самостоен нов документ и не е дел од други стратешки планови на општината. Неговиот фокус е тесно насочен на развојот на приватниот сектор со цел да се зголеми растот, развојот и вработеноста. Исто така Планот за локален економски развој е целосно самостоен документ и не е дел од други планови и национални документи.

Планот е развиен во партнерство, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот за изработка на овој документ, беше составен не само од претставници од Одделението за ЛЕР, туку и по еден претставник од НВОи, и од бизнис секторот. На овој начин тимот за изработка на планот имаше придонес и еднаквата застапеност во консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес, што впрочем е и фокусот на Проектот на УСАИД на отчетноста на владините институции и одговорноста на индивидуалните граѓани.

Вкупниот износ на финансиски средства за реализација на проектите во Планот за локален економски развој изнесува 71.721.245 денари.

## 2.ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Планот за Локален економски развој во нацрт верзија беше подготвена на неколку работни средби со учество на сите засегнати страни во приоритетните области, односно работен тим:

- претставник од јавниот сектор/општинската администрација,
- претставник на невладините организации,
- претставник на бизнис секторот.

Работниот тим одржа голем број состаноци, неформални средби како и телефонски разговори, посебно во периодот Март–Октомври 2022, анализирајќи ја состојбата во локалната економија, анализата на слабите и на јаките страни, на можностите и на заканите (SWOT-анализа), како и одредувајќи ја визијата, стратешките и развојните цели и Акциониот план.

## 3.ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

### 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Општина Гевгелија се наоѓа во југоисточниот дел на земјата, на 160 km (1,30 ч) од главниот град Скопје. Зафаќа територија од 483,54 km². Најблискиот аеродром во Солун, Р.Грција е оддалечен 74 километри; железничката и автобуската поврзаност е редовна и задоволителна. Во општината живеат 21.582 жители – машки 10 700 (49,57%) и женски 10 882 (50,43%), Густината на населенето изнесува 44,63 жит/км2. Има 17 населени места вклучувајќи го и градот Гевгелија. Стапката на невработеност е 6,05%.

Во општина Гевгелија според податоците издадени од страна на АВРСМ евидентирани се вкупно 933 невработени лица (активни баратели на работа), и 374 други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), што значи според бројот на вкупно население од 21.582 жители според последниот попис од 2021 година, стапката на невработеност изнесува 6,05%. Само во споредба со стапката на невработеност на национално ниво, која за последното тромесечје за 2021 година изнесува 15,2%, согласно податоците на Државниот завод за статистика.

# 3.ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

## 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Во табелата е даден преглед на невработени лица според школска подготовка и пол, со состојба на 31.12.2021 год.

ПРЕГЛЕД

невработени лица (активни баратели на работа),евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Гевгелија, со место на живеење во Општина Гевгелија, според школска подготовка и пол, со состојба на 31.12.2021 година

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | Гевгелија | 933 | 484 | 355 | 179 | 168 | 60 | 296 | 177 | 20 | 6 | 84 | 55 | 10 | 7 | 0 | 0 |




Невработени лица (активни баратели на работа) евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Гевгелија според школска подготовка и пол, состојба 31.12.2021

Невработено население без образование и со основно образование е 1,6%, непотполно средно образование 0,7%, со завршено средно образование 1,4%, више и високо образование 0,5% и 0,05% магистри на науки.

Општина Гевгелија е еден од подобро развиените економски центри во државата со богато искуство и традиција во развојот на индустријата. Според податоците обезбедени од Државниот завод за статистика од 2021 година, на територијата на општината функционираат вкупно 1209 стопански претпријатија. Бројот на финансиските институции е 9.

Општина Гевгелија постигнува значителни резултати во економијата на Република Северна Македонија. Во структурата на економијата застапени се поголем дел од стопанските сектори од кои најзначајни се: градежништво, трговија, текстилна индустрија, земјоделство и угостителство. Иако доминира лесната индустријата, исклучително динамичен раст имаат и услугите. Инаку територијата на општината е претежно земјоделско подрачје кој располага со одлични климатски услови за производство на раноградинарски култури, како и свеж зеленчук и овошје.

## 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Структурно, бројот на микро, мали, средни и големи претпријатија за 2021 е следниот:




Вкупниот број на компании во Општина Гевгелија е намален од 1.213 во 2015 година на 1.209 во 2021 година (намалување од 0,33%). Голема промена има во секторот Градежништво (Ѓ) каде во 2015 година вкупниот број на активни компании изнесувал 60, а во 2021 година 72 (зголемување за 20%) за период од 5 години. Во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (Е) од вкупно 375 активни компании во 2015 година, бројот во 2021 година се намалил на 326 што значи за 2,4%. Исто така има промени и во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство(А) кадешто во 2015 бројот на активни компании изнесувал 73, за да во 2021 се намали на 51 активни компании или намалување за 30%. Најголемо зголемување на бројот на активни компании има во секторот Информации и комуникации (S) и тоа од 11 во 2015 година, на 29 во 2021 година или 164% , секторот Стручни, научни и технички дејности (К) и тоа од 89 во 2015 година на 138 компании во 2021 година или 55%, како и секторот Административни и помошни услужни дејности(Л) и тоа од 8 во 2015 година, на 22 во 2021 година или 175%.
Ваквиот тренд на намалување на бројот на компании во неколу сектори наведени погоре е поради Ковид -19 пандемијата, која имаше негативно влијание на скоро ¾ од претпријатијата во државата.
Од друга страна пак се појавува тренд на зголемување на бројот на компании во сектори кои се исто така наведени погоре, кои останаа имуни на негативното влијание на пандемијата, поточно во ИКТ секторот во последните неколку години бележи постојан раст како на компании и вработении, раст на извозот, на профитот и приходите, стана најбрзорастечка индустрија во земјата.
Општиот заклучок е дека условите за работа откако започна кризата се влошени за сите дејности.

## 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Број на активни компании во Општина Гевгелија според секторот на активност, 2015 – 2021 година.

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **1.213** | **1.215** | **1.222** | **1.222** | **1.277** | **1.211** | **1209** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 73 | 68 | 58 | 57 | 62 | 54 | 51 |
| Рударство и вадење на камен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преработувачка индустрија | 151 | 150 | 144 | 147 | 149 | 138 | 142 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад;санација на околината | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Градежништво | 60 | 68 | 65 | 69 | 71 | 72 | 72 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 375 | 372 | 374 | 354 | 354 | 343 | 326 |
| Транспорт и складирање | 184 | 180 | 173 | 156 | 166 | 163 | 164 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 86 | 79 | 87 | 91 | 92 | 91 | 88 |
| Информации и комуникации | 11 | 12 | 16 | 17 | 23 | 24 | 29 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 13 | 16 | 14 | 17 | 16 | 14 | 14 |
| Стручни, научни и технички дејности | 89 | 97 | 107 | 119 | 131 | 133 | 138 |
| Административни и помошни услужни дејности | 8 | 9 | 13 | 18 | 20 | 21 | 22 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Образование | 14 | 14 | 15 | 14 | 14 | 15 | 15 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 54 | 53 | 54 | 54 | 53 | 56 | 59 |
| Уметност, забава и рекреација | 24 | 27 | 26 | 27 | 30 | 21 | 21 |
| Други услужни дејности | 56 | 53 | 62 | 69 | 82 | 52 | 54 |

Во отсуство на други економски податоци на општинско ниво, информациите за градежниот сектор може да се земат во предвид, знејќи дека тој е брзорастечки сектор каде има потреба за вработување и е поврзан со многу други сектори. Од Табелите кои следуваат може да се заклучи дека генерално има раст на секторите градежни работи, Информации и комуникации, Стручни, научни и технички дејности, Административни и помошни услужни дејности.

Големите претпријатија се главно од областа на индустриското производство, преработувачката индустрија, како и претпријатија со дејност на игри на среќа и обложување. Постои тенденција на намалување на бројот на микро компании за сметка на малите, средните и големите претпријатија. Бројот на големи компании со над 250 вработени е зголемен.

# 3.ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА
## 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Еден од растечките сектори во општината е туризмот. Во 2015 година бројот на ноќевања на странски туристи изнесува 62 465, додека бројот на ноќевања на домашните туристи изнесува 60 624. Во 2021 година бројот на ноќевања на странски туристи изнесува 62 965, додека бројот на ноќевања на домашните туристи изнесува 42 798, односно зголемување за 0,8% на ноќевањата на странските туристи, а намалување на ноќевањата на домашните туристи во однос на 2015 година за 29%. Во општината според најновите податоци од 2021 година има 9 хотели, 2 мотели, 1 категоризирано селско домаќинство, 56 категоризирани сместувачки капацитети од физички лица (куќи, станови и соби за издавање на туристи) и 50 ресторани, што е значително зголемување во однос на 2015 година каде бројот на категоризранисместувачки капацитети од физички лица (куќи, станови и соби за издавање на туристи) изнасувал 0. Микро бизнисите се фокусирани на услуги за населението и нивниот број се 450.




Број на ноќевања на домашни и странски туристи за 2015 и 2021 година

Бруто Домашниот Производ (БДП) е најчесто употребуван показател за утврдување на нивото на економскиот развој на регионите и државите. Во следната табела претставени се: вкупната висина на БДП на Република Северна Македонија и БДП на Југоисточниот плански регион во милиони денари, како и процентот на учество на Југоисточниот регион во вкупниот БДП на државата.

| Година | БДП на МК (во милиони денари) | БДП на Југоисточниот регион (во милиони денари) | Процент (%) на учество во вкупниот БДП |
|---|---|---|---|
| **2017** | 618.106 | 60.700 | 9,82 |
| **2018** | 660.878 | 61.904 | 9,37 |
| **2019** | 692.683 | 63.770 | 9,20 |
| **2020** | 655.931 | 58.570 | 8,93 |

Табела 4. Бруто-домашен производ во Република Северна Македонија и во Југоисточнен регион во периодот 2014 – 2019 година, Извор: Државен завод за статистика



# 3. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА
## 3.1. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Според статистичките податоци за 2020 година, најголема компании по приходи, добивка и број на вработени во општина Гевгелија е Контихидропласт (лесна индустрија). Компанијата се вбројува во првите 100 комапнии во државата по приход, профит и број на вработен, и се наоѓа на 81 место, со што бележи пораст од 13 места во споредба со 2019 година кога се наоѓа на 94 место од рангираните комапнии во државата.

Голема промена во насока на пораст на бројот на компании има во секторот Градежништво (Ѓ) каде во 2015 година вкупниот број на активни компании изнесувал 60, а во 2021 година 72 (зголемување за 20%) за период од 5 години.

Најголемо зголемување на бројот на активни компании има и во секторот Информации и комуникации (Ѕ) и тоа од 11 во 2015 година, на 29 во 2021 година или зголемување за 164% , секторот Стручни, научни и технички дејности (К) и тоа од 89 во 2015 година на 138 компании во 2021 година или зголемување за 55%, како и секторот Административни и помошни услужни дејности(Л) и тоа од 8 во 2015 година, на 22 во 2021 година или 175%.

Компании кои во најголам мера се потпираат на локални добавувачи во нивното секојдневно функционирање се компаниите од преработувачката индустрија и казината.

Општина Гевгелија е препознатлива по:

-Многубројните казина,
-Слатко од смокви,
-Вкусна храна (пинџур, печено јагнешко..)
-Термоминерални бањи – Негорски бањи
-Туристички локалитет Смрдлива Вода
-Археолошки локалитет Гортинија
-Топли води – Смоквица
-Транзитен туризам
-Староградска архитектура.

## 3.2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Соработката меѓу бизнисите е релативно добра, постои Занаетчиска комора на општина Гевгелија во која членуваат сите занаетчии на територијата на општина Гевгелија. Постои туристичка и бизнис асоцијација, но нема регионална стопанска комора. Во општината има регистрирано Здружение Локална акциска група Бојмија чии основачи се Општините: Гевгелија, Дојран, Богданци и Валандово, потоа физички лица, невладини организации и бизнис заедници. Целта на ЛАГ Бојмија е меѓусебна соработка на сите чинители за создавање поволно деловно опкружување, преку користење на сите можности за оддржлив развој на регионот.

Постои практика на одржување на средби со стопанственици на Градоначалникот со сите деловни организации и финансиски институции на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Овие средби повеќе се доживуваат како политичка иницијатива отколку како вистинска соработка. Дефинитивна потреба за соработка во ИТ-секторот постои, но без конкретни активности. Во рамките на општината не постои Економски Совет, нити пак Комитетот за економски развој при Советот на општината.

Силните страни на Општина Гевгелија во однос на локалната соработка и вмрежување се постоењето на интерес за соработка помеѓу засегнатите страни: општината, бизнис заедницата, невладините организации во рамките на заедничка Локална акциска група, како и континуирана и квалитетна соработка со невладин сектор, особено во следниот период од 4 години во рамките на проектот Релоад 2, кој се спроведува од страна на општината.

Слабите страни пак на Општина Гевгелија во однос на локалната соработка и вмрежување сенефункционалност на веке формирана туристичка асоцијација како и непостоење на структури за соработка на општината со бизнис заедницата.

# 3.2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

| *Наслов и/или функција (област/тема за која се однесува)* | *Институции / Вклучени лица* | *Постигнувања (исто така наведете како функционира – на пр. планира, спроведува проекти, дава услуги, дали соработката е трајна или привремена* | *Оценка: корисна или некорисна* |
|---|---|---|---|
| Повремени средби на Градоначалникот со членовите на занаетчиската комора | Занаетчиска комора и Општина/Градоначалник | Освен членството на занаетчиите на територија на општина Гевгелија, Занаетчиската комора им дава и услуги на занаетчиите и соработката е трајна. Општина Гевгелија соработката со Занаетчиската комора – Гевгелија ја спроведува преку квартални средби со претставници од Занаетчиската комора и е во постојан контакт, но сепак само стои на располагање за давање на одредени податоци од информативен карактер. | Корисна |
| Одржување состаноци помеѓу сектори/одделенија од општината со граѓанскиот сектор | Невладини организации/ здруженија и општина Гевгелија | Соработката на општината со невладиниот сектор на локално ниво преку обезбедување финансиски средства однапред планирани во буџетот на општина Гевгелија, за спроведување на проекти. Општината има долгогодишна соработка со ФЛОРИТ Гевгелија -невладина организација која дејствува на полето на локален економски развој и заедно имаат учествувано и реализирано повеќе заеднички проекти од областа на ЛЕР. Пример за успешна соработка е проектот МЕКА – акцелератор на знаење за МСП. | Корисна |
| Рурален развој (животна средина, локален економски развој, култура, туризам) | Здружение Локална акциска група Бојмија | Локална акциска група Бојмија заедно со своите основачи: општини, нво, бизнис сектор, спроведува проекти и го поттикнува локалниот рурален развој преку давање услуги во секторите на туризам, култура, животна средина, земјоделство. Една од конкретните резултати од ваквата форма на соработка е оформување на калдрмисана патека во с. Ума, чистење на депонија и поставување на урбана опрема-контејнери во населеното и туристичко место Ума. | Корисна |
| Одржување на средби со стопанственици на Градоначалникот со сите деловни организации и финансиски институции | Бизнис заедница и Општина/градоначалник | Постои практика на одржување на средби со стопанственици на Градоначалникот со сите деловни организации и финансиски институции на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. | Корисна |
| Туризам Потреба од соработка помеѓу општина и чинители од кои е формирана туристичка асоцијација | Туристичка асоцијација | Формирана е Туристичка асоцијација во рамките на проект од областа на туризмот уште во 2013 година, но до ден денес нема поттикнато иницијатива за одржување на одредени активности. | Некорисна |
| Локален економски развој | Комитетот за економски развој при Советот на општината | Во рамките на Совет на општината до ден денес не е формиран Комитет за економски развој со кој би се остварувала соработка на општината со бизнис зеадницата во сферата на локалниот економски развој. | Некорисна |
| | Центарот за развој на Југоисточен плански регион | ЦРЈИПР е во континуирана соработка со општина Гевгелија преку аплицирање на регионални и инфраструктурни проекти од областа на животна средина, рурален развој, култура за потребите на општината. | Корисна |

## 3.3. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ ИАДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Општина Гевгелија е најтранспарентна општина во Југоисточниот регион според индексот на активна транспарентност на истражувањето што го направи Центарот за граѓански комуникации, помогнати од УСАИД. Транспарентноста е мерена според објавените информации и податоци од страна на општината. Според податоците на Центарот, оваа општина има 84,6 индексни поени и спаѓа во групата јавни институции со многу добра активна транспарентност. Под „активна транспарентност" се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. И сè тоа во интерес на граѓаните, преку објавување на информации за секојдневните општински активности, објавување на одлуки, записници, службени весници, буџети, јавни набавки, завршни сметка. Меѓутоа и покрај ова недостасуваат информации кои би биле од корист на бизнис заедниците а тоа се информации за националните и меѓународните програми финансирани од ЕУ, кои би биле од корист за бизнисите.

Одделението за локален економски развој дава информации на бизнис заедниците само во врска со ИПАРД програмата а поврзано со стратешките документи на општината со проектите со кои фирмите аплицираат.

Освен тековни и повремени средби на градоначалникот со деловните организации, нема друга форма на соработка за подобрување на деловното опкружување врз основа на потребите на бизнисот. Одделението за локален економски развој во соработка со Фондацијата за локален одржлив развој и ИТ дава поддршка во промоција на локални производи и идентификување дополнителни пазари.

Сите тендери организирани од страна општинската администрација се објавени на електронски систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk/) и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран. Седниците на Советот на општина Гевгелија се отворени за јавноста, и се пренесуваат на локалната телевизија која од неодамна почна да функционира електронски, и да ги пренесува седниците во живо, електронски.

# 3.3. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ ИАДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Општината располага со база на релевантни чинители кои нудат поддршка на бизнис секторот. Од регионалните чинители главен поддржувач на малите и средните претпријатија е Центарот за развој на Југоисточен плански регион, со седиште во Струмица, кој е посветен на меѓуопштинска и прекугранична соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој и подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани во регионот. Центарот соработува со општина Гевгелија и негова основна задача е јакнење на капацитетот на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионално ниво, јакнење на принципот на јавно приватно партнерство и делување во насока на подигање на квалитетот на живеење. Центарот за развој е најважниот актер кој нуди поддршка на малите и средни претпријатија, континуирано помагајќи го растот и развојот на компаниите од регионот. Важна улога во растот и развојот на бизнис секторот во општината имаат и организациите и институциите – јавни, приватни и невладини организации кои своите активности ги насочуваат кон обезбедување консултативни, советодавни и менторски услуги на малите и средните компании од регионот.

| *(Раст) Сектор и (подсектори)* | *Главни предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот* |
|---|---|
| *Сите сектори (хоризонтално)* | Недостатокот на информации кои би биле од корист на бизнис заедниците како што се информации за Повици за аплицирање на националните и меѓународните програми финансирани од ЕУ, кои би биле од корист за бизнисите |
| *Сектор (подсектор) 1*<br><br>*Угостителство* | За време на пандемијата од КОВИД-19 угостителскиот сектор беше најпогоден финансиски од кризната сосотојба. Општина Гевгелија излезе во пресрет на угостителите на тој начин што им ги скрати трошоците за комунална такса за користење на јавна површина пред деловниот објект како и трошоците за плаќање на фирмарина на компаниите. Предизвик на угостителскиот сектор е исто така продолжување на работното време, посебно за викенди и празници кога има масовна излезеност на населението посебно на младата популација, поголема искористеност на јавната површина на угостителските објекти. |
| *Земјоделство и рурален развој (и подсекторите поврзани со оваа дејност)* | Општина Гевгелија преку одделението за локален еконосмски развој дава информации(потврда) на претпријатијата од областа на земјоделството и рурален развој и подсекторите поврзани со оваа дејност во врска со ИПАРД програмата а поврзано со стратешките документи на општината со проектите со кои фирмите аплицираат.<br>Предизвиците на земјоделскиот сектор и рурален развој е донесување на урбанистички планови особено во населените места на Гевгелија, заради можноста за проширување на своите капацитети и производни линии. |

## 3.3. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ ИАДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Силните страни на Општина Гевгелија во однос на Бизнис опкружување, транспарентност иадминистрација без корупција се Транспарентоноста (Општина Гевгелија е една од најтранспарентните општина за 2021 година (јавна објава на продажба (е-аукција) на земјиште наменето за бизниси), како и можност и спремност за навремено реагирање за помош на фирмите од областа на угостителството за време на пандемија

Слабите страни пак на Општина Гевгелија во однос на Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција се неможноста на општината за целосно задоволување на потребите на бизнис заедницата како што се донесување на урбанистички планови за населените места и можноста за ширење на своите погони и обезбедување на комунална инфраструктура и недостапност на инвестициската мапа и инвестициската брошура во електронска форма.

***Активна транспарентност на општините од Југоисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Валандово | 94 % |
| 2 | Гевгелија | 86 % |
| 3 | Василево | 84 % |
| 4 | Конче | 83 % |
| 5 | Струмица | 80 % |
| 6 | Богданци | 79 % |
| 7 | Ново Село | 67 % |
| 8 | Босилово | 62 % |
| 9 | Радовиш | 57 % |
| 10 | Дојран | 45 % |

Општина Гевгелија е една од 26-те институции со висок индекс на активна транспарентност во 2021 година. Според објавените резултати од редовното годишно рангирање на институциите за индексот на активна транспарентност, односно објавување информации од јавен карактер, Општина Гевгелија е рангирана на 19 место, со 85,7% во категоријата на институции оценети со оценка- многу добра. На ниво на активна транспарентност на десетте општини од Југоисточниот регион, Општина Гевгелија го зазема високото второ место.

Инаку, истражувањето го спроведе Центарот за граѓански комуникации, во март, 2021 година, во кои беа вклучени 98 институции. Односно, Владата, сите министерства и општини. Индексот на активна транспарентност се реализира во рамките на активноста „Јавно трошење за јавно добро“, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Целта на оваа активност е зголемување на ефективноста на јавното трошење преку намалување на корупцијата и зголемување на транспарентноста.

## 3.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот се ограничени и не секогаш веродостојни, особено во руралните области на општината. Секоја од банките кои имаат свои експозитури во општината имат своја свои кредитни линии на кредитирање на стопанските субјекти, а одобрувањето на кредитите во голема мера зависат од бонитетот на претпријатието.

На новите претприемачи особено им недостигаат информации за потенцијалните извори на финансирање. Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб-страницата на општината.

Постоењето на национални програми за финансиска подршка на претпријатијата се од голема важност за пристапот до финансии од страна на препријатијата. Такви се Фонд за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување, Министерство за економија и сл.

Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро,мали,средни и големи претпријатија. Такви програми се ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ но и прекуграничните програми во кои можат претпријатијата да аплицираат или да се вклучат како партнери.

Во Општината не постои Агенција за развој на бизниси, додека Стопанската комора на Република С. Македонија и деветте финансиски институции со своите локални експозитури, не ги задоволуваат очекувањата на локалниот бизнис.

Деловната заедница во општина Гевгелија има пристап до извори на финансирање и преку следниве институции на национално ниво:

Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) (www.mbdp.com.mk) која ги нуди следниве финансиски и нефинансиски услуги: Финансирање на развојот на македонското стопанство; Финансирање на инфраструктурата; Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во РСМ; Поттикнување на извозот; Поттикнување на заштита на животната средина; Осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и Поддршка на регионалниот развој.

## 3.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

1. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyrmacedonia.html), банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија. Комерцијалните банки кои имаат свои филијали во општина Гевгелија: НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (www.nlbtb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Скопје (www.stb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Битола (www.stbbt.com.mk), Комерцијална банка А.Д. Скопје (www.kb.com.mk), Халк банка А.Д. Скопје (www.halkbank.mk), Уни банка А.Д. Скопје (www.unibank.com.mk), Силк Роуд Банка (www.silkroadbank.com.mk ), Шпаркасе банка А.Д. Скопје (www.sparkasse.mk), Централна Кооперативна банка А.Д. Скопје (www.ccbank.mk).
2. Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија (АППРМ) (www.apprm.gov.mk), се стреми кон спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, малите и средни бизниси и промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка. Финансиски форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство: кофинансирање договорени проекти за потребите на Агенцијата кои се спроведуваат преку институционалната инфраструктура на претприемачки центри; кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори; кофинансирање последипломски студии од областа на претприемништвото.
3. Агенција за вработување на Р. Македонија (АВРМ) (www.avrm.gov.mk) нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица, тука и на малите и средните компании од општина Гевгелија. АВРМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање на нови работни места.
4. Министерство за економија (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Некои од најзначајните програми, кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија, вклучително и тие од Општина Гевгелија, се: Програма за конкурентност, иновации и претприемништво.
5. Министерство за финансии (www.finance.gov.mk), Најважен сектор од Министерството за финансии за малите и средните претпријатија за Општина Гевгелија е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).

6. Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) (www.tourismmacedonia.gov.mk), Главните надлежностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот поврзани со работењето на МСП од областа на туризмот, се: Активно унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување на анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар; Подготвување и реализација на програмата и обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности; Формирање и развивање единствен туристичко-информативен систем и негово поврзување со други информативни системи; Активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство и соработување со светски познати тур-оператори за привлекување на што поголем број туристи; Поттикнување и координирање на сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството, со цел унапредување и промоција на туризмот; Иницирање и насочување меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка за промоција на туризмот; Учествување во привлекување инвестиции во туризмот во Македонија.

7. Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) (www.fondzainovacii.mk), ФИТР ги остварува целите преку следните инструменти наменети на малите и средните претпријатија од сите региони: Кофинансирани грантови за старт-ап; Спин-оф трговски друштва и иновации; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за трансфер на технологии; Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори; Техничка помош за компаниите и Еквити и мезанин инвестиции.

8. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) (www.agencija.gov.mk), нуди низа услуги за МСП од областа на земјоделието.

9. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) (www.ipardpa.gov.mk), овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на РСМ, така и со средствата од претпристапната помош на Европската унија наменети за руралниот развој, и притоа нудејќи поддршка на земјоделските стопанственици и бизнис секторот за нивно искористување.

## 3.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

Општина Гевгелија има пристап до извори на финансирање и преку следниве меѓународни организации:

1. УНДП - Програмата за развој на Обединетите Нации во РСМ – УНДП (www.mk.undp.org), ги вклучува следниве програми: Промоција на одржливи вработувања, Зајакнување на ефективноста на поддршката, Локален развој, Добро владеење - испорачување подобри услуги на сите, Социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството и Енергија и животна средина - осигурување одржлив развој.
2. Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија (УСАИД) (www.usaid.gov), Активностите на УСАИД во Р. Македонија се фокусирани во неколку сектори, од кои најголемо значење за малите и средните компании од ИПР има: Програмата за економски раст која се фокусира на подобрување на бизнис опкружувањето и зголемување на компетитивноста на малите и средните компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Оваа програма вклучува неколку проектни области и тоа: Микро претпријатија и приватен сектор; Земјоделски пазари и трговија; Развојни кредити и пристапи до финансии и Економски политики.
3. И други билатерални и мултилатерални програми како Швајцарска развојна агенција преку IME, GIZ и други.

Силните страни на општината во однос на пристап до финансии и финансиска подршка се постоењето на кредитни институции (банки) за подршка на бизниси и постоење на национални програми и донаторски меѓународни механизми за финансирање на бизнис.
Слабите страни пак на Општина Гевгелија во однос на на пристап до финансии и финансиска подршка се недоволна информираност за изворите на финансирање, непостоење на кредитен капацитет на компаниите (за поднесување на проекти) за пристап до финансии од финансиските институции, како и неповолни услови на стопанските банки за кредитирање на МСП во однос на висина на каматна стапка, во моментот, во услови на криза.

# 3.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

| ***Институција/ донатор (вклучително банки и други кредитни институции)*** | ***Клиенти кои исполнуваат критериуми/корисници (за кого се наменети финансиските средства)*** | ***Економски сектор/активнос ти*** | ***Минимална и максимална сума која е на располагање*** | ***Барања за обезбедување (хипотека, итн.)*** |
|---|---|---|---|---|
| Кредитна институција (банки) | Сопственици на микро, мали,средни и големи претпријатија | Сите сектори | Во зависност од политиките на секојја од банките | Во зависност од бонитетот на претпријатието |
| НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје | преработувачи на земјоделски производи | земјоделство | Во зависност од финансиското работење на друштвото | меница во форма на нотарски акт Хипотека на недвижен имот и/или залог на подвижни предмети |
| НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје | компании - инвеститори во фотонапонски централи | Обновливи извори на енергија | Манипулативен трошок До 0,75% еднократно, мин 5.000,00 мкд, макс 120.000,00 мкд | МНА и хипотека на недвижен имот и/или залог на подвижни предмети |
| Шпаркасе банка А.Д. Скопје | наменски основано друштво за реализација на дадениот проект | производство на електрична енергија од обновливи извори | | |
| Халк Банка А.Д. Скопје | приватни и јавни друштва (правни лица) | Енергетска ефикасност | Од 500.000 ЕУР до 10.000.000 ЕУР | Хипотека на недвижен имот, Залог на подвижни предмети и права, Жиранти, Фирми гаранти и други инструменти за обезбедување прифатливи за Банката |
| Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) | Сопственици на мали и средни претпријатија | МСП | Минимум:5.000 EUR Максимум: 666.700 EUR | |
| Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) | микро и мали трговски друштва, индивидуални претприемачи, занаетчиски дуќани, приватни трговци, тезги на пазар и други микро и мали стопански субјекти | Микро компании | минимум 10.000 ЕУР, максимум 300.000 ЕУР | |
| Донаторски и меѓународни механизми за финансирање (ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ 2020,ФИТР) | Сопственици на микро, мали,средни и големи претпријатија, општини, здруженија | Сите сектори | Во зависност од буџетот на донаторските програми | Во зависност од повикот на донаторот |



# 3.5. ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Во општина Гевгелија постои позитивен тренд на развој на бизнисот, евидентен преку зголемена побарувачка за работни простории, земјиште и инфраструктура. Општината вложува напори да ги идентификува сите општински земјишта и згради кои можат да му бидат понудени на располагање на приватниот сектор и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат.
Општината има 3 згради за задоволување на овие потреби, но побарувачката не е толку голема. Во нив се сместени неколку невладини организации од општината, кои плаќат минимална симболична сума за изнајмување на општинските простории. Во општината не постои бизнис инкубатор. Во близина на селото Прдејци, гевгелиско формирана е ТИРЗ Прдејци, која опфаќа површина од 50 хектари и се наоѓа на десната страна од магистралниот пат Е-75 каде се определни 11 урбанистички блокови за производство, дистрибуција и сервисирање за јавни административни и комерцијални услужни дејности. Меѓутоа надлежноста на оваа зона и припаѓа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони.

Силните страни на општината во однос на Земјиште и инфраструктура се Постоење на индустриски зони кои ги задоволуваат потребите на бизнисите и задоволителен капацитет на општински простории за користење на приватниот сектор.

Слабите страни пак на општината во однос Земјиште и инфраструктура се немањето ингеренции за управување со ТИРЗ зоната Прдејци, која е на територија на општина Гевгелија, не постоење на бизнис инкубатор и научно-истражувачки парк и немањето на соработка помеѓу локалната власт и националните агенции за можностите за инвестиции.

# 3.5. ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

| Искажани потреби на приватниот сектор според вид на инфраструктура | Постоечко ниво на понуда во овој сегмент | Индикативни идни потреби/барања (во следните 6 години) | Недвижност во јавна сопственост која би можело да се искористи |
|---|---|---|---|
| Индустриски зони во општина Гевгелија | Во моментот општината има понуда на три индустриски зони: Блокотехна, Ракита и Индустриска зона Гевгелија. Претпријатијата кои функционираат во рамките на овие зони воглавно се задоволни во поглед на инфраструктура и комуналното уредување. | Бизнис секторот има барање за урбанизација од страна на општината за две индустриски зони – Билото за лесна и незагадувачка индустрија и ТИРЗ Прдејци | Индустриската зона Прдејци е во државна сопственост која општината планира да ја искористи како индустриска зона и се наоаѓа во близина на с.Прдејци покрај автопатот Е-75 |
| Објекти со канцелариски простории | Од вкупно три општински објекти, два се максимално искористени, односно дадени се на користење на невладини организации и здруженија на граѓани, а едниот не е погоден за користење | Едниот објект во сопственост на општината има потреба од реконструкција поради потребата од користење од страна на приватниот сектор | Една зграда која треба да се реновира |

## 3.6. РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Според претставниците на бизнис заедницата, иако во последно време е постигнат одреден напредок во однос на регулаторната и институционалната рамка, сепак проблемите од минатото се провлекуваат, така што сеуште постојат некои неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Најголем проблем е да се поминат обемните процедури за добивање одобрение за градба. Иако постапката/процесот за добивање на одобрение го води Одделението за урбанизам при општина Гевгелија и се издава електронски, тоа е во координација и со други општински и државни институции, каде понекогаш може да се појави проблем. За секое поединечно одобрение е потребно време и разгледувањето на барањето за градба не се врши истовремено од повеќе институции, туку една по една, чекајќи го резултатот од претходното разгледување. Позитивна страна за регистрација на бизнис на фирмите е што се одвива брзо, а начинот на регистрација се одвива преку овластено лице со сертификат за регистрација на бизниси (фирми). Регистрацијата на бизниси се одвива во Централен регистар и потребната документација е во зависнот од видот на претпријатие, но не е обемна. Општината е одговорна за спроведување на одредени прописи и има овластување да обезбедува подршка со цел да го олесни обезбедувањето услуги, односно да дејствува во јавен интерес.

Силните страни на општината во однос на Регулаторна и институционална рамка Постоење на едношалтерски центар на општината и намалените локални даноци и такси за компании погодени од пандемијата

Слабите страни пак на општината во однос Регулаторна и институционална рамка се не функционалноста наедношалтерскиот систем и недоволната координација помеѓу институциите (Одделение за урбанизам,Телеком, А1, ЈПКД Комуналец, Дирекција за заштита и спасување)

| Договорени регулаторни предизвици | Големо/мало негативно влијание | Главна јавна институција инволвирана | Обем на локално решавање на проблемот (детали) |
|---|---|---|---|
| Проблем-Одобрение за градба | Големо негативно влијание | Одделение за урбанизам | Упростување на процедурата за добивање на одобрение за градба |
| Недоволна координација меѓу институциите (Одделение за урбанизам,Телеком, А1, ЈПКД Комуналец, Дирекција за заштита и спасување) | Големо негативно влијание | Општина, Катастар | Синхронизирана електронска кординација на институциите |
| Нефункционалност на едношалтерски систем | Големо негативно влијание | Општина | Функционирање на едношалтерскиот систем и електронски движење на документите |

## 3.7. ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, ИНКЛУЗИВНОСТ

Развојот на работната сила е релативно нов концепт за општината. Образовниот систем не соодејствува на реалните потреби на бизнис секторот. Со развојот на туризмот во општината има голема побарувачка за келнери, кувари, водичи со странски јазици, рецепционери и други професии поврзани со давање на туристички услуги. И ИТ секторот има голема побарувачка за квалификувана работна сила. Најбрзо се развиваат секторите Градежништво, Информации и комуникации, Преработувачката дејност, Сместување и сервисни дејност со храна, и кај сите нив има голема потреба од работната сила.

Заводот за вработување организира обуки за невработени лица, најчесто е во координација со приватниот бизнис.

Од страна на Фондацијата за локален развој и развој на ИТ технологии преку проектот „Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија“ (МЕКА) финансиран од страна на Европската Унија преку ИПА 1 програмата, приоритетната област „Подобрување на капацитетите на МСП за иновации, истражување и развој, соработка помеѓу јавниот, приватниот и образовниот сектор“, беа реализирани обуки во неколку градови на кои учество заземаа повеќе од 80 претприемачи чија цел е стекнување на дополнителни знаења и вештини со што нивните компании би ги претвориле во успешни и профитабилни бизниси. Сите оние кои успешно го поминаа циклусот на обуки добија менторска поддршка за развој на проектни апликации и истите беа поднесени на достапни повици. ФЛОРИТ – Гевгелија сеуште ги следи активните повици и даватели на финансиски услуги за бизнис секторот и истите ги споделува до заинтересираните компании.

## 3.7. ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, ИНКЛУЗИВНОСТ

| Сектор | Моменталната состојба во однос на вештини (пр.. значителни/мал недостаток/ несовпаѓање на понудата и побарувачката/ вишок на понуда) | Пректирана идна состојба (вештини (пр.. значителни/мал недостаток/несовпаѓање на понудата и побарувачката/ вишок на понуда) | Можни полиња на делување |
|---|---|---|---|
| Деловни услуги | Несовпаѓање на понудата и побарувачката/ вишок на понуда | Зголемена мотивација во барањето за можност за работа | Поголема соработка на Образовните инситуции и бизнис секторот за потребните образовни кадри |
| Градежништво | Несовпаѓање на понудата и побарувачката (градежништвото има голема потреба од квалификуван кадар) | Несовпаѓање на понудата и побарувачката | Општите гимназии да се трансформират во средните технички училишта |
| Трговија и поправки | Несовпаѓање на понудата и побарувачката | Несовпаѓање на понудата и побарувачката | Општите гимназии да се трансформират во средните технички училишта |
| Хотели и ресторани | Несовпаѓање на понудата и побарувачката | Несовпаѓање на понудата и побарувачката | Поголема соработка на Образовните инситуции и бизнис секторот за потребните образовни кадри |

## 3.7. ВЕШТИНИ И ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, ИНКЛУЗИВНОСТ

| Силни страни на сегашниот начин на работење | Рангирање според важност (1-5) | Слаби страни на сегашниот начин на работење | Рангирање според важност (1-5) |
|---|---|---|---|
| Раст на ИТ секторот и голема побарувачка | 5 | Недоволен број на квалификуван кадар за работа во ИТ секторот | 5 |
| Развој на туризмот и голема побарувачка | 4 | Недоволен број на квалификуван кадар за работа во секторот туризам | 4 |

| Можни подобрени начини на работење |
|---|
| Кординација меѓу општина, Бизнис заедница, образовни и обучувачки институции преку следните конкретни мерки:<br>-<br>Организирање на редовни состаноци помеѓу приватниот сектор и образовни институции (јавни и приватно)<br>-<br>Учество во заеднички проекти за јакнење на капацитетите на потребната работна сила за клучните економски сектори |

## 3.8. НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

Општина Гевгелија важи за атрактивно место за живеење, работа, посета и инвестирање во споредба со другите општини во истиот регион. Факторот локација е важен за проширување на постоечките бизниси и привлекување нови . Во последните 10 години општинската администрација инвестираше многу пари за подобрување на физичката и природната средина и квалитетот на животот. Трите градски паркови и другите мали зелени површини и спортски игралишта како и пешачките и велосипедски патеки во населбите се добро одржувани, и се во надлежност на општината и Јавното комунално претпријатие.
Со отворањето на нови хотели а особено на приватни сместувачки капацитети кои во 2021 година се вкупно 56 категоризирани сместувачки капацитети од физички лица (куќи, станови и соби за издавање на туристи, за разлика од 2015 година каде нивниот број е 0, постоењето на винарии, како и збогатувањето на општинскиот културен календар, постепено се зголемува протокот на туристи од другите делови на државата и од странство.
Секторот за јавни дејности и локален економски развој на општината неодамна започна да води политика за промоција на локални производи учествувајќи на саеми и настани поврзани со промоција на развојот на економијата. Во моментот на постоечката општинска веб страна www.gevgelija.gov.mk има дел посветен на туризмот и туристичкиот развој на општината, но креирана е и нова општинската веб-страница специјализирана за промоција на туризмот https://www.gevgelija-tourism.mk/. Планирано е ажурирање на веб страната со поставување на инвестициски водич и инвестицискта мапа за индустриските зони на територијата на општина Гевгелија.

Постојат повеќе силни страни со кои се одликува општината во однос на Надворешно позиционирање и маркетинг, и тоа: атрактивно место и локација за живеење и работење, добро развиена патна и железничка мрежа, близина на два аеродрома,збогатена туристичка понуда во однос на сместувачки капацитети од страна на приватни домаќинства кои издаваат соби и легла за туристи.традиционална посета на странски туристи (поради казината и поради поефтините малопродажни цени во однос на Грција).
Слабите страни пак на општината во однос Надворешно позиционирање и маркетинг се недоволно развиен рурален туризам, непостоење на маркетиншки алатки за препознавање на Гевгелија како транзитна дестинација за туристите односно немање доволно број активности за нивно задржување за повеќе од едно деноноќие. несоодветно досегашно планирање на урбаниот простор во градот, намален обем на внатрешен општински превоз, едоволна промоција на инвестиции, недоволна промоција на инвестиции.

# 4. SWOT

# АНАЛИЗА

SWOT АНАЛИЗАТА ПРЕТСТАВУВА МЕТОДОЛОГИЈА КОЈА СЕ КОРИСТИ ВО ПОДГОТВИТЕЛНАТА ФАЗА ВО ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНОВИ ВО ПОГЛЕД НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИЗИЈАТА, ЦЕЛИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ МЕЃУСЕБНО.
ОВАА АНАЛИЗА ПОАЃА ОД ТОА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ДА СЕ РАЗВИВА, ДОКОЛКУ МАКСИМАЛНО ГИ КОРИСТИ ПРЕДНОСТИТЕ И МОЖНОСТИТЕ, А ВО ИСТО ВРЕМЕ ДА ПРОНАЈДЕ МОДУЛ ДА ГИ МИНИМИЗИРА СЛАБОСТИТЕ И ОПАСНОСТИТЕ.

## STRENGTHS

- Поволна географска местоположба за транзитен и казино туризам, и земјоделство
- Непосредна близина на граничен премин со Р.Грција, близина на аеродром (70км) и пристаниште
- Добри транспортни врски и добра поврзаност со патна и комуникациска инфраструктура
- Постои прекугранична соработка со Р.Грција и Р.Бугарија
- Постои добра меѓуопштинаска соработка
- Постоење на богати природни ресурси (плодна почва, геотермални води, голем број сончеви денови) и поволна медитеранска и континентална клима
- Квалитетно земјоделско производство на рано градинарски култури и традиција во производство на храна
- Традиција во производство на квалитетно трпезно и винско грозје
- Целосна електрифицирана мрежа на ниво на регион и постоечки систем на наводнување
- Достапна и квалификувана работна сила за угостителство, текстилна индустрија и лесна индустрија
- Постоење на објекти од лесна индустрија
- Постоење на Урбанистички планови за Технолошко индустриско развојни зони
- Развиен приватен сектор
- Ловни терени со дивеч
- Традиција и услови за културни активности
- Ниска стапка на невработеност во однос на националниот просек (варира во однос на моменталната состојба со Ковид-19)
- Културно историско наследство – археолошки локалитети
- Препознатлива гастрономија
- Туристички капацитети и инфраструктура

## WEAKNESSES

- Помали приходи во руралните средини
- Недостиг на урбанистички планови за населените места со потенцијал за развој на рурален туризам
- Недостаток на професионални обуки и тренинг – центри
- Недоволна подршка за малите и страт ап бизниси
- Недостиг на можности на практична работа за квалификуван обрзовен кадар
- Висока стапка на емиграција на квалификувани работници
- Немање доволно интерес на невработените за постоечките слободни работни места поради ниски плати
- Незаинтересираност за вработување во приватниот сектор
- Недостаток на суровина за конзервната индустрија
- Ограничен домашен пазар
- Недостасува поврзување/ конекција со националната гасоводна линија/мрежа (нема приклучок)
- Ниско ниво на еколошката свест на дел од компаниите
- Непостоење на целосна атмосферска канализација во дел од индустриските зони
- Диви депонии
- Недостаток од локални медиуми

# 4. SWOT

# АНАЛИЗА

SWOT АНАЛИЗАТА ПРЕТСТАВУВА МЕТОДОЛОГИЈА КОЈА СЕ КОРИСТИ ВО ПОДГОТВИТЕЛНАТА ФАЗА ВО ИЗРАБОТКАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНОВИ ВО ПОГЛЕД НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИЗИЈАТА, ЦЕЛИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ МЕЃУСЕБНО.
ОВАА АНАЛИЗА ПОАЃА ОД ТОА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ДА СЕ РАЗВИВА, ДОКОЛКУ МАКСИМАЛНО ГИ КОРИСТИ ПРЕДНОСТИТЕ И МОЖНОСТИТЕ, А ВО ИСТО ВРЕМЕ ДА ПРОНАЈДЕ МОДУЛ ДА ГИ МИНИМИЗИРА СЛАБОСТИТЕ И ОПАСНОСТИТЕ.

## OPPORTUNITIES

- ЕУ структурни фондови и фондови за прекугранична соработка
- Постоење на финансиски институции кои кредитираат МСП и големи компании
- Достапност на Програмите на АВРМ за самовработување и микро кредитирање
- Постоење на национални развојни стратегии од областа на бизнис секторот
- Постоење на Стратегија за развој на руралната средина на Локалната акциска група Бојмија (ЛАГ)
- Голем потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија (240 сончеви денови)

## THREATS

- Пандемија со Ковид – 19 и неизвесноста околу нејзиниот исход
- Затворање на граничните премини
- во услови на пандемија
- Појава на нова емигрантска криза
- Политичка ,економска и енергетска криза и Геополитички случувања
- Нерегулиран статус на сезонските работници и постоење на сива економија
- Законска регулатива со големи рестрикции (казни) за бизнис секторот
- Значителен одлив на населението, а со тоа и на квалификуван кадар
- Незаинтересираност за вработување во приватниот сектор
- Природни катастрофи поради климатски промени, поради претходни искуства со поплави и земјотреси и загадување на околината
- Намалување на наталитетот
- Немање доверба и ентузијазам кај главните носители на развојот
- Немање стратегија за справување со сиромаштијата
- Не поволен постоечки Закон за игри на среќа бидејќи најголем дел по основ од давачки и даноции од казината на територијата на Гевгелија завршуваат во државна каса

МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES) - O

ЗАКАНИ (THREATS) - T

# 5. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ



ЕКОНОМСКИ ПРОСПЕРИТЕТНА ОПШТИНА, УРБАНИСТИЧКИ УРЕДЕНА СО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИЗОБИЛСТВОТО ОД ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, ЦЕНТАР НА ТРАНЗИТНИОТ ТУРИЗАМ, УНАПРЕДЕНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ВО УРБАНИТЕ И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ И ЗАЧУВАНА И ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

## ВИЗИЈА

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## СТРАРЕШКА ЦЕЛ 1

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ОБЕЗБЕДЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ МОЖНОСТИ НА СТРАТЕШКИТЕ ЕКОНОМСКИ ГРАНКИ: ТУРИЗАМ, ЗЕМЈОДЕЛИЕ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

СОВРЕМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО РАЗВОЈНИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

ОДРЖЛИВА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ИСКОРИСТУВЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА МСП ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО.

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН

## ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ

1. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ
2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ
3. ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, ИНКЛУЗИВНОСТ
4. РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ОБЕЗБЕДЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ МОЖНОСТИ НА СТРАТЕШКИТЕ ЕКОНОМСКИ ГРАНКИ: ТУРИЗАМ, ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ДР.:

| Активности/ проектни идеи | Времетрае ње (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Изградба на нова водоводна мрежа во с.Ума како предуслов за развој на рурален туризам | 2024-2025 | Општина Гевгелија Биро за регионален развој | 20.290.269 | Изградена нова водоводна мрежа во с.Ума,зголемен капацитетот на водоснабдување и овозможување на услови за развој на рурален туризам | 1 водоводна мрежа во должина од 2850 м |
| 1.2 Санација конзервација и Реставрација на историски музеј во с.Конско,Гевгелиј а | 2024-2025 | Општина Гевгелија Биро за регионален развој | 9.466.683 | Саниран, конзервиран и реставриран историски музеј во с.Конско, и создавање услови за привлекување на туристи од областа на културен туризам | Санација конзервација и Реставрација на историски музеј во с.Конско,Гевгелија со површина од 280 м² Реставрација на фасада во површина од 370 м² Изведба на ограда на музеј во Конско во должина од 245 м Опремеување на ентериер со мебел на 3 внатрешни простории |

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

| Активности/ проектни идеи | Време траење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. Реставрација на "Стара чаршија" со обновување на изгледот на дуќаните а притоа задржувајќи го автентичниот изглед | 2025-2026 | Општина Гевгелија Завод за заштита на споменици на културата и музеј-Струмица Сопственици на дуќаните во чаршијата | 23.000.000 | Зголемување на атрактивноста на Старата чаршија и нејзино промовирање како туристичка дестинација привлечна за туристите | Санација на калдрма на 2 улички кои минуваат низ чаршијата, Реставрирање на фасада на чаршијата Обновени х дуќани (замена на пвц и алуминиумски излози со автентичните излози) |
| 1.4. Подобрување на патна и комунална инфраструктура во с.Серменин | 2024-2025 | Општина Гевгелија ЛАГ Бојмија ЈКПД Комуналец | 900.000 | Зголемување на атрактивноста во н.м Серменин за развој на рурален туризам | Исчистена една дива депонија во с.Серменин и доизградба на дел од улица во традиционален стил во должина од 200 м. |
| 1.5 Одржување и ажурирање на веб страна за промоција на туризмот со посебен акцент на Спа, Дентал, казино и транзит туризмот | 2023-2026 | Општина Гевгелија | 30.000 | Брендирана општина како туристичка дестинација со изработка на веб страна и лого за промоција на туризмот во општина Гевгелија | Одржувана и ажурирање на функционална ВЕБ страна за промоција на туризмот (македонски и англиски јазик) |

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.6. Надградување на капацитетите на земјоделци преку субвенционирање преку обуки наменети за земјоделците и набавка на смарт системи | 2023 | Општина Гевгелија ФЛОРИТ | 8.610.000 | Обучени земјоделци и набавка на смарт системи за олеснување на земјоделско производство | број на спроведени обуки-10, број на учесници - 40, Наградени 5 иновативни идеи (поддржани 5 мали бизниси) |
| 1.7. Изработка на техничка документација за поставување урбана опрема во населени места (Серменин, Смрдлива Вода,Ума, Конско) | 2023-2024 | Општина Гевгелија | 120.000 | Создадени услови за поставување урбана опрема во населени места (Серменин, Смрдлива Вода,Ума, Конско)за развој на рурален туризам | Изработена техничка документација за поставување урбана опрема во населени места (Серменин, Смрдлива Вода,Ума, Конско) |
| 1.8.Изработка на студии за капацитетот на постоечките геотермални извори | 2024 | Општина Гевгелија | 620.000 | 1.Создавање предуслови за развој на бањски туризам 2.Создавање предуслови за подобро искористување на геотермалните извори за раноградинарски производи | 1.Изработена Студија за постоечки геотермални извори за овозможување услови за развој на бањски туризам 2. Изработена Студија за искористување на геотермалните извори за раноградинарски производи |
| 1.9. Доделување на општински простории на МСП за нивно користење | 2023-2026 | Општина Гевгелија | 0 | Поефикасно работење на МСП | Квадратна површина слободна за користење -150 м2, број на канцеларии-3 |

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.10. Поддршка за развој на занаетчиството со можности за отварање сопствен бизнис | 2023-2026 | Општина Гевгелија | 30.000 | Поттикнување на занаетчиите преку организирање на обуки и овозможување услови за отварање на сопствен бизнис | 3 Обуки (една обука годишно)<br>20 учесници вкупно (занаетчии што отпочнале сопствен бизнис) |
| 1.11. Изработка на детална база на стопанските капацитети и производите кои се произведуваат од следните сектори: лесна индустрија, преработувачка индустрија, туризам | 2023-2025 | Општина Гевгелија | 0 | Зголемена информираност за локалните производи | Изработена детална електронска база на стопански капацитети и поставена на официјалната веб страна на општината |
| 1.12. Поддршка и посредување за обезбедување на потребните дозволи за домашните и странските инвеститори | 2023-2025 | Општина Гевгелија | 0 | Брзо, ефикасно и транспарентно издавање на дозволи на домашни и странски инвеститори | x потенцијални инвеститори помогнати<br>X број на процедури подобрени |

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

### ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ

1. ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА
2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

СОВРЕМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО РАЗВОЈНИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА СТОПАНСТВОТО:

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвиден и трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци (Во близина на месноста Топлик) | 2023 | Општина Гевгелија АФПЗРР | 1.000.000 | Изграден пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци | 560м Пристепен пат до земјоделско земјиште Во близина на месноста Топлик |
| 2.2. Изградба на Модерен рекреативен парк оплеменет со пешачки и велосипедски патеки и хортикултурно уредување - Топлик | 2024 -2025 | Општина Гевгелија Општина Разлог- Бугарија | 6.163.293 | Изграден Модерен рекреативен парк оплеменет со пешачки и велосипедски патеки - Топлик | Еден Изграден туристичко- рекреативен парк со површина од околу 3142 м2, 1 велосипедска патека за планински и off-road велосипедизам, поставување урбана опрема (канделабри, клупи,настешници, летниковци, мостови, перголи и сл.) |
| 2.3. Изработка на водич за инвестиции на општина Гевгелија | 2023 | Општина Гевгелија | 120.000 | Зголемена видливост или подобрена промоција на инвестициските потенцијали на општината | Изработен електронски водич за инвестиции на општина Гевгелија со акцент на индустирките зони и објавен на официјалната веб страна на општината |

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

### ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ

1. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

ОДРЖЛИВА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ИСКОРИСТУВЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА:

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвиден и трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.Организирање на кампања за користење на обновливи извори на енергија | 2023 -2024 | Општина Гевгелија | 105.000 | Зголемена свесност за користење на обновливи извори на енергија | 1 Кампања за информирање и подигнување на свеста составена од 2 работилници за информирање и дискусија; 200 брошури, 4 објави на локален медиум |
| 3.2 Изработка на ЛЕАП | 2023 -2024 | Општина Гевгелија | 246.000 | Подготвен ЛЕАП како основен стратешки документ врз основа на којашто ќе се предвидат економски оправдани и прифатливи акции заокружени со финансиска и временска рамка | Еден подготвен стратешки документ ЛЕАП за сите општествени чинители во општината |
| 3.3. Изработка на Студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија – ветерници и сончеви колектори за производство на електрична енергија во општината | 2023 | Општина Гевгелија | 310.000 | Зголемена свест и зголемен интерес на општествените чинители во делот на децентрализирани енергетски решенија за искористување на потенцијалот на ОИЕ и нивните главни бенефиции – еколошки, економски, ефикасност, зачувување на ресурсите, сигурност и безбедност. | Изработена Студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија – ветерници и сончеви колектори за производство на електрична енергија во општината |

## 6. АКЦИСКИ ПЛАН

### ГРАДЕЖНИ БЛОКОВИ

1. ВЕШТИНИ. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.ИНКЛУЗИВНОСТ.
2. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА НА МСП ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвиден и трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 Организирање на информативен настан за развој на капацитетите за МСП за пристап до нови пазари | 2023 -2026 | Општина Гевгелија | 120.000 | Зголемена информираност на МСП за учество на меѓународни саеми и подобрено знаење за е-трговија | 30 претставници од МСП на меѓународни саеми, Одржани 3 обуки (по една на годишно ниво) на МСП за е-трговија |
| 4.2. Организирање на информативен настан за МСП за пристап до финансии | 2023 -2026 | Општина Гевгелија | 120.000 | Зголемена информираност на МСП за достапни инструменти за финансирање | 30 претставници од МСП по 1 информативен настан Одржани 3 обуки (по една на годишно ниво) на МСП за пристап до финансии |
| 4.3 Организирање на обуки за МСП за дигитализација, иновации и концепт на кружна економија | 2023 -2025 | Општина Гевгелија НВО сектор | 120.000 | Подобрен капацитет на МСП за воведување на нови технологии, дигитализација и примена на концептот на циркуларна економија | 30 претставници од МСП на 1 обуки годишно за нови технологии, дигитализација и примена на концептот на циркуларна економија |

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН

| Активности/ проектни идеи | Времетраење (почеток/ крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци (денари) | Резултати (директни (outputs) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.4 Организирање на обуки за подигнување на капацитетите на претставниците на стопанските субјекти за искористување на финансиски средства од ЕУ фондови | 2023 -2025 | Општина Гевгелија Стопански субјекти на територија на општината | 120.000 | Одржани обуки и зголемени капацитетите на стопанските субјекти и подготвени апликации за аплицирање до ЕУ фондови | 3 Обуки (една обука годишно) 80 учесници вкупно |
| 4.5 Организирање стажирање на нови кадри и маргинализиран и лица во МСП | 2025 | Општина Гевгелија Агенција за вработување | 200.000 | Зголемена инклузивност и можности за вработување на марганилизирани лица | Објавен 1 јавен оглас годишно, за пријавување на нови квалификувани кадри |
| 4.6. Формирање на Локален Економски Совет во општината | 2023 | Општина Гевгелија, компнии од општина Гевгелија, Агенција за вработување - Центар за вработување -Гевгелија, Здружение на работодавачи на РСМ, Сојуз на синдикати на РСМ | 30.000 | Резултат: Воспоставен демократски дијалог и активно вклучување на сите чинители во процесот на одлучување по најважните прашања од економско значење за развој на локалната заедница. | Одржани 2 работилници годишно 50 учесници |

# 7. ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ

| Активности | Проценети трошоци | Извори на финансирање | | | | Јазови во финансирањето | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Локален буџет | Буџети од повисоко ниво | Бизнис | Донатори | | |
| 1.1. Изградба на нова водоводна мрежа во с.Ума како предуслов за развој на рурален туризам | 20.290.269 | 20 %<br>(4 058 054) | 80 %<br>(16 232 215) | | | / | / |
| 1.2 Санација конзервација и Реставрација на историски музеј во с.Конско,Гевгелија | 9.466.683 | / | 1.420.002 | / | 8.046.681 | / | / |
| 1.3. Реставрација на "Стара чаршија" со обновување на изгледот на дуќаните а притоа задржувајќи го автентичниот изглед | 23.000.000 | / | 23.000.000 | / | / | / | / |
| 1.4. Подобрување на патна и комунална инфраструктура во с.Серменин | 900.000 | / | / | 450.000 | 450.000 | | |
| 1.5 Изработка и одржување на веб страна и лого, за промоција на туризмот со посебен акцент на Спа, Дентал, казино и транзит туризмот | 30.000 | 30.000 | / | / | / | / | / |
| 1.6. Надградување на капацитетите на земјоделци со субвенционирање преку обуки наменети за земјоделците и набавка на смарт системи | 8.610.000 | / | / | / | 8.610.000 | | |
| 1.7. Изработка на техничка документација за поставување урбана опрема во населени места (Серменин, Смрдлива Вода,Ума, Конско) | 120.000 | 120.000 | / | / | / | / | / |
| 1.8.Изработка на студии за капацитетот на постоечките геотермални извори | 620.000 | / | 620.000 | / | / | / | / |
| 1.9. Доделување на општински простории на МСП за нивно користење | 0 | | | | | | |
| 1.10. Поддршка за развој на занаетчиството со можности за отварање сопствен бизнис | 30.000 | 30.000 | / | / | / | / | / |
| 1.11. Изработка на детална база на стопанските капацитети и производите кои се произведуваат од следните сектори: лесна индустрија, преработувачка индустрија, туризам | 0 | | | | | | |
| 1.12. Поддршка и посредување за обезбедување на потребните дозволи за домашните и странските инвеститори | 0 | | | | | | |
| 2.1. Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци (Во близина на месноста Топлик) | 1.000.000 | / | 1.000.000 | / | / | / | / |
| 2.2. Изградба на Модерен рекреативен парк оплеменет со пешачки и велосипедски патеки и хортикултурно уредување - Топлик | 6.163.293 | / | 924.494 | / | 5.238.799 | / | / |
| 2.3. Изработка на водич за инвестиции на општина Гевгелија | 120.000 | | | | | | |
| 3.1.Организирање на кампања за користење на обновливи извори на енергија | 105.000 | 105.000 | / | / | / | / | / |
| 3.2 Изработка на ЛЕАП | 246.000 | 246.000 | / | / | / | / | / |
| 3.3. Изработка на Студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија – ветерници и сончеви колектори за производство на електрична енергија во општината | 310.000 | | 310.000 | / | / | / | / |
| 4.1 Организирање на информативен настан за развој на капацитетите за МСП за пристап до нови пазари | 120.000 | 120.000 | / | / | / | / | / |
| 4.2. Организирање на информативен настан за МСП за пристап до финансии | 120.000 | 120.000 | / | / | / | / | / |
| 4.3 Организирање на обуки за МСП за дигитализација, иновации и концепт на кружна економија | 120.000 | 120.000 | / | / | / | / | / |
| 4.4 Организирање на обуки за подигнување на капацитетите на претставниците на стопанските субјекти за искористување на финансиски средства од ЕУ фондови | 120.000 | 120.000 | / | / | / | / | / |
| 4.5 Организирање стажирање на нови кадри и маргинализирани лица во МСП | 200.000 | / | 200.000 | / | / | / | / |
| 4.6. Формирање на Локален Економски Совет во општината | 30.000 | 30.000 | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | | | | | | | |

# 8. РАСПОРЕД НА СПРОВЕДУВАЊЕ / ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

| Активности | Датум на започнување – датум на завршување | Очекувани резултати Месеци 1-6 | Очекувани резултати Месеци 6-12 | Очекувани резултати Месеци 12-18 | Очекувани резултати Месеци 18-24 | Очекувани резултати Месеци 24-30 | Очекувани резултати Месеци 30-36 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Изградба на нова водоводна мрежа во с.Ума како предуслов за развој на рурален туризам | 01.01.2024-01.01.2025 | -Потпишан договор со донаторот<br>- Започната тендерска постапка за најповолен понудувач<br>- Почеток со градежни работи | - Изградена нова водоводна мрежа со должина од 2850м,<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба на водоводот | | | | |
| 1.2 Санација конзервација и Реставрација на историски музеј во с.Конско,Гевгелија | 01.01.2024-01.07.2025 | -Потпишан договор со донаторот<br>- Започната тендерска постапка за најповолен понудувач<br>- Почеток со градежни работи | - Градежни работи во тек – замена на столаријата, замена на кров и нова фасада | - Заштитен историски музеј во с.Конско преку реставрација, санација и конзервација,<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба на објектот | | | |
| 1.3. Реставрација на "Стара чаршија" со обновување на изгледот на дуќаните а притоа задржувајќи го автентичниот изглед | 01.01.2025-01.01.2026 | - Започната тендерска постапка за најповолен понудувач | - Тек на градежни работи<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба | | | | |
| 1.4. Подобрување на патна и комунална инфраструктура во с.Серменин | 01.06.2024-31.12.2024 | - Започната тендерска постапка за најповолен понудувач | - Тек на градежни работи<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба | | | | |
| 1.5 Одржување и ажурирање на веб страна за промоција на туризмот со посебен акцент на Спа, Дентал, казино и транзит туризмот | 2023 | - Ажурирање и одржување на веб страна | Ажурирање и одржување на веб страна | | | | |
| 1.6. Надградување на капацитетите на земјоделци преку субвенционирање преку обуки наменети за земјоделците и набавка на смарт системи | 01.01.2023-31.12.2023 | -Избор на најповолен понудувач<br>-Одржани две обуки за земјоделци | -Набавка на смарт системи наменет за земјоделците | | | | |
| 1.7. Изработка на техничка документација за поставување урбана опрема во населени места (Серменин, Смрдлива Вода,Ума, Конско) | 01.11.2023-01.05.2024 | -Избор на најповолен понудувач<br>- Изработка на техничка документација | | | | | |
| 1.8.Изработка на студии за капацитетот на постоечките геотермални извори | 01.01.2024-01.07.2024 | -Избор на најповолен понудувач<br>- Изработка на техничка документација | | | | | |
| 1.9. Доделување на општински простории на МСП за нивно користење | | -Доделени општински простории на користење | | | | | |
| 1.10. Поддршка за развој на занаетчиството со можности за отварање сопствен бизнис | 2023-2026 | -Одржана една обука за занаетчии | | -Одржана втора обука за занаетчии | | -Одржана трета обука за занаетчии | |
| 1.11. Изработка на детална база на стопанските капацитети и производите кои се произведуваат од следните сектори: лесна индустрија, преработувачка индустрија, туризам | 01.01.2023-31.12.2025 | -Собирање на податоци за стопански капацитети | Секторска анализа Промоција на базата | Ажурирање на база на податоци | Ажурирање на база на податоци | Ажурирање на база на податоци | Ажурирање на база на податоци |
| 1.12. Поддршка и посредување за обезбедување на потребните дозволи за домашните и странските инвеститори | | | | | | | |
| 2.1. Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци (Во близина на месноста Топлик) | 01.04.2023-01.10.2023 | -Потпишан договор со донаторот<br>- Започната тендерска постапка за најповолен понудувач<br>- Почеток со градежни работи | - Тек на градежни работи<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба | | | | |

# 8. РАСПОРЕД НА СПРОВЕДУВАЊЕ / ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. Изградба на Модерен рекреативен парк оплеменет со пешачки и велосипедски патеки и хортикултурно уредување - Топлик | 01.01.2024-31.12.2025 | -Потпишан договор со донаторот<br>- Започната тендерска постапка за најповолен понудувач<br>- Почеток со градежни работи | - Тек на градежни работи | - Тек на градежни работи | - Тек на градежни работи<br>- Технички прием и свечено пуштање во употреба | | |
| 2.3. Изработка на водич за инвестиции на општина Гевгелија | 01.01.2023-01.07.2023 | -Собирање податоци, анализа, мапирање на индустриски зони, слободни локации за инвестиции и неискористени и напуштени индустриски капацитети<br>-Печатење на водичот | | | | | |
| 3.1.Организирање на кампања за користење на обновливи извори на енергија | 01.04.2023-01.04.2024 | -Избор на експерт за ЕЕ<br>-Одржување на прва работилница | -Одржување на втора работилница<br>-Принтање на брошури | | | | |
| 1.2 Изработка на ЛЕАП | 01.06.2023-31.12.2024 | -Избор на најповолен изведувач<br>-Формирање на тим за ЛЕАП | -Мониторинг на ЛЕАП | -Мониторинг на ЛЕАП<br>-Презентација на ЛЕАП | | | |
| 3.3. Изработка на Студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија – ветерници и сончеви колектори за производство на електрична енергија во општината | 01.01.2023-31.12.2023 | -Избор на најповолен изведувач | -Презентациј на студијата | | | | |
| 4.1 Организирање на информативен настан за развој на капацитетите за МСП за пристап до нови пазари | 01.01.2023 – 31.12.2025 | -Избор на најповолен изведувач -експерт | Одржан еден информативен настан | | Одржан еден информативен настан | | Одржан еден информативен настан |
| 4.2. Организирање на информативен настан за МСП за пристап до финансии | 01.01.2023-31.12.2023 | -Избор на најповолен изведувач -експерт | Одржан еден информативен настан | | | | |
| 4.3 Организирање на обуки за МСП за дигитализација, иновации и концепт на кружна економија | 01.01.2023-31.12.2024 | -Избор на најповолен изведувач -експерт | Одржан еден информативен настан | | Одржан еден информативен настан | | |
| 4.4 Организирање на обуки за подигнување на капацитетите на претставниците на стопанските субјекти за искористување на финансиски средства од ЕУ фондови | 01.01.2023-31.12.2025 | -Избор на најповолен изведувач -експерт | Одржан еден информативен настан | | Одржан еден информативен настан | | Одржан еден информативен настан |
| 4.5 Организирање стажирање на нови кадри и маргинализирани лица во МСП | 01.01.2025-31.12.2025 | -Листа на невработени од АВРСМ<br>-Контактирање на невработениот кадар | -Стажирање на невработени лица и маргинализирани лица | | | | |
| 4.6. Формирање на Локален Економски Совет во општината | 01.01.2023-31.12.2023 | -Формирање на ЛЕС<br>-Одржување на прв состанок | -Одржување на втор состанок | | | | |